**РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**
**ДРЖАВЕН ЗАВОД ЗА РЕВИЗИЈА**

**Бр. 1203-405/5**

**Скопје, 04.09.2008 година**

**До**
**Основен суд Струга – Струга**

## КОНЕЧЕН ИЗВЕШТАЈ НА ОВЛАСТЕНИОТ ДРЖАВЕН РЕВИЗОР

1. Предмет на овој Конечен извештај е извршената ревизија на финансиските извештаи на Основен суд Струга - Струга приходи наплатени од органи (во понатамошниот текст Основен суд) за 2007 година кои се прикажани на страница 3.

2. Ревизијата на финансиските извештаи од точка 1 на овој Извештај е извршена согласно член 2 став 1 и 2 од Законот за државна ревизија и Годишната програма за работа на Државниот завод за ревизија согласно член 9 од Законот за државна ревизија.

3. Не е вршена ревизија, ниту сме издале било каков извештај за финансиските извештаи на Основниот суд за годините кои и претходат на годината која е предмет на оваа ревизија.

4. Финансиските извештаи од точка 1 на овој Извештај, се одговорност на раководството на субјектот, застапувано од:
   › Ади Усеини - Претседател на Основен суд Струга - Струга.

5. Одговорност на ревизорите е да го издадат овој Извештај, прикажан на страните 1 до 3, и да дадат мислење за финансиските извештаи од точка 1, засновано на извршената ревизија.

6. Ревизијата од точка 1 на овој Извештај е извршена од страна на тим на Државниот завод за ревизија во периодот од 23.05.2008 година до 26.05.2008 година.

7. Цел на ревизијата на финансиските извештаи од точка 1 е да овозможи ревизорот да изрази мислење:
   -дали финансиските извештаи вистинито и објективно ја искажуваат финансиската положба и резултатот на финансиските активности во согласност со применетата законска регулатива,
   -дали е остварено наменско и законско користење на средствата кои претставуваат државни расходи.

8. Финансиските извештаи кои се предмет на овој извештај се засновани на годишната сметка составена според важечките прописи во Република Македонија со извршени рекласификации поради добивање на појасна слика.

9. Ревизијата е извршена во согласност со Стандардите за Државна Ревизија на Меѓународната организација на Врховните Ревизорски Институции (ИНТОСАИ) кои се пропишани во Република Македонија при вршењето на државната ревизија. Овие стандарди бараат ревизијата да се планира и подготви, со цел да се добие разумно уверување дека финансиските извештаи се ослободени од значајни погрешни прикажувања. Ревизијата вклучува испитувања на докази, проценување на користените сметководствени принципи, како и на важните проценки направени од страна на раководството на субјектот од точка 1 на овој Конечен извештај, давање општа оценка за презентацијата на финансиските извештаи и давање оценка за конкретни финансиски трансакции. Веруваме дека спроведената ревизија ни обезбедува разумна основа за изразеното мислење.

10. Со ревизијата на финансиските извештаи, дадени како составен дел на овој Конечен извештај, ревизијата го утврди следното:

***10.1. Неправилна примена на акти***

10.1.1. Не е изработен Преглед на изречените и наплатени парични казни, трошоците за постапка и пленување на имотна корист, како прилог кон завршната сметка, што не е во согласност со член 345 од Судскиот Деловник. Некомлетноста на завршната сметка придонесува Основниот суд да не располага со податоци за степенот на наплатливост на изречените и наплатените парични казни, со што постои можност за нивно застарување и неможност за нивна наплата.

**Препорака:**
Изработката на Прегледот на изречените и наплатените парични казни, трошоците за постапка и конфискуваниот имот и имотна корист согласно член 345 од Судскиот Деловник да е составен дел на завршната сметка.

11. Со ревизијата на финансиските извештаи, дадени како составен дел на овој Конечен извештај, наодите од Претходниот извештај на Основен суд Струга – Струга – сметка за редовно работење од точките 10.1.1, 10.2.2 и 10.3.1 се исти и во овој извештај.

12. Според наше мислење, освен за изнесеното во точките 10.1 и 11., финансиските извештаи ја прикажуваат вистинито и објективно финансиската состојба на Основниот суд Струга - Струга, на ден 31 Декември 2007 година, резултатот од финансиските активности за годината која завршува со тој датум, во согласност со важечката законска регулатива.

13. Според наше мислење, освен за изнесеното во точките 10.1 и 11., кај Основниот суд Струга - Струга остварено е законско и наменско користење на средствата во финансиските трансакции кои претставуваат државни расходи за 2007 година.

**Овластен Државен Ревизор**

**Скопје, 03.09.2008 година**



*ул: "Маршал Тито" - 12/3*
*Палата Македонија - Скопје*
*тел:02 3211-262, факс:02 3126-311*

*Овластен Државен ревизор*

----------------------------

**Основен суд Струга - Струга**

## БИЛАНС НА ПРИХОДИ И РАСХОДИ ЗА 2007 година

| | | во 000 денари |
|---|---|---|
| **Опис на позицијата** | **2007** | **2006** |
| **Приходи** | | |
| Неданочни приходи | 1,272 | 2,022 |
| **Вкупно приходи** | **1,272** | **2,022** |
| **Расходи** | | |
| **Тековни расходи** | | |
| Стоки и услуги | 1,272 | 2,022 |
| **Вкупно тековни расходи** | **1,272** | **2,022** |
| **Вкупно расходи** | **1,272** | **2,022** |

**Основен суд Струга - Струга**

## БИЛАНС НА СОСТОЈБА НА ДЕН 31.ДЕКЕМВРИ

| | | во 000 денари |
|---|---|---|
| **Опис на позицијата** | **2007** | **2006** |
| **Актива** | | |
| **Тековни средства** | | |
| Парични средства | 50 | 335 |
| **Вкупно тековни средства** | **50** | **335** |
| **Вкупна актива** | **50** | **335** |
| **Пасива** | | |
| **Тековни обврски** | | |
| Пасивни временски разграничувања | 50 | 335 |
| **Вкупно тековни обврски** | **50** | **335** |
| **Вкупна пасива** | **50** | **335** |



*ул: “Маршал Тито” - 12/3*
*Палата Македонија - Скопје*
*тел:02 3211-262, факс:02 3126-311*
*Овластен Државен ревизор*
-----------------------------